**О. Серафим Роуз**

# ДУШАТА ПО СМРТТА

Наслов на оригиналот
**The Soul After Death**

Автор:
**Seraphim Rose**

Издавач:
**Saint Herman of Alaska Brotherhood**
**Platina, US. 1988**

Превод:
**Катерина Велјановска**

Лектура:
**Криси Наумовски**

CIP – Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

236.1/.8:281.9

РОУЗ, Серафим
Душата по смртта / о. Серафим Роуз ; [превод Катерина Велјановска]. – Скопје : Икона, 2008. – 276 стр. ; 21 см

Превод на делото: The soul after death / father Seraphim Rose

ISBN 978-9989-168-17-8
I. Rose, Seraphim, father види Роуз, Серафим
а) Задгробен живот – Православие
COBISS.MK-ID 75536394

**О. Серафим Роуз**

# ДУШАТА ПО СМРТТА

икона

# ПРЕДГОВОР

Целта со која е напишана оваа книга е двојна: прво, ползувајќи се со поимите на православното христијанство, да даде објаснување на современите *посмртни* искуства кои предизвикаа особен интерес во одредени религиозни и научни кругови, и второ, да ги претстави основните изворници и текстови во кои е изложено православното учење за животот по смртта. Доколку, во нашево време, учењето на Православната Црква е многу малку застапено, тоа е така најмногу поради тоа што не им се обрнува внимание токму на овие текстови и поради тоа што тие се сметаат за нешто што е *надвор од современите текови* на нашево *доба на просветеност*. Овде ние се обидовме да ги изложиме во форма поразбирлива и попристапна за денешниот читател. Не е потребно да се подвлече, дека тие тестови претставуваат материја која е немерливо подлабока и поблагодарна за изучување отколку популарните книги за современите *посмртни* искуства, кои, дури и кога претставуваат нешто повеќе од обична сензација, едноставно не можат да продрат во длабочината, зад спектакуларната површина на современите искуства во потрага по воцеловена и вистинита претстава за севкупноста на животот по смртта.

Православното учење изложено во оваа книга ќе биде, без сомневање, критикувано од некои луѓе, како нешто што е премногу *просто* па дури и *наивно*, за да може во него да верува човекот од дваесеттиот век. Поради тоа е неопходно да се нагласи дека ова учење не е нешто што го застапуваат неколкумина одвоени, или самомнени, теоретичари кои се меѓу другото и православни, туку дека ова е учење што Православната Црква Христова го сочувала низ вековите од самиот почеток на своето постоење на земјата, учење што е изложено во неизбројливите светоотечки дела и житија на светителите, како и во божествените служби на Православната Црква, и кое непрекинато се пренесува во Црквата до наше време. *Едноставноста* на ова учење е едноставноста на самата Вистина која, без оглед на тоа дали е изложена во учењето за овој предмет, или пак во останатото црковно

предание, се пројавува како жадоутешителен извор на чистота среде мрачништвото на нередот кој владее со умот на современиот човек, а кој е предизвикан од множеството грешки и празни спекулирања сторени во последниве векови. Секоја глава од оваа книга се обидува да посочи на одредено место во светоотечките и агиографските изворници кои соодветното учење го содржат.

Главното вдахновение за создавањето на оваа книга беше еден отец на Православната Црква во Русија од деветнаесеттиот век, епископ Игнатиј Брјанчанинов, којшто беше можеби првиот голем православен богослов кој отворено се соочи со суштината на проблемот кој во денешно време се пројавува во сета своја жестина: како да се сочува вистинитото православно предание и учење во еден свет кој на православието му стана сосем туѓ, и се нпрегнува, или да се справи со него по пат на сила и да го отфрли, или наместо тоа, да го *истолкува* на начин што ќе може да се сообрази со световниот живот и размислување. Остроумно свесен за римокатоличките и за останатите западни влијанија кои уште во негово време се обидуваа да го *осовременат* православието, епископ Игнатиј се подготвуваше за негова одбрана воедно длабоко понирајќи во автентичните православни изворници (чие учење го впиваше во некои од најпрочуените монашки центри на своето време), како и преку запознавањето со научната и книжевната култура на својот век (се запишал во техничко училиште, не во богословска семинарија). Така вооружен со познавања и од православното богословие и од областа на световните знаења, го посветил својот живот на одбраната на вистинското православие и на разобличувањето на современите отстапувања од него. Не е преувеличување да се каже дека ниедна друга православна земја во деветнаесеттиот век не поседувала таков бранител на православието, против искушенијата и грешките на современото доба неговиот еднинствен *соперник* на тоа поле е, можеби, неговиот возљубен сонародник, епископ Теофан Затворник, кој всушност го чинел истото нешто, но на еден *помалку префинет* начин.

Еден том од Собраните дела на епископ Игнатиј (том III) е посветен посебно на прашањето за учењето на Црквата за животот по смртта, кое тој го одбранил наспроти римокатоличките и современите искривувања. Во најголем дел од изложувањата во врска со митарствата и пројавувањата на духовите, поместени во оваа книга, е исползувано токму ова негово дело, а тоа се прашања, пред кои, од одредени причини, умот на *современиот* човек се покажува неспособен да ги прими на едноставен начин, туку се впушта во нивно *толкување* или пак наполно ги одбива. Исто така, и епископ Теофан, се разбира, го проповедал истото учење па овде се употребени и неговите дела, а во нашиов век, уште еден голем руски богослов, блаженоупокоениот архиепископ Јован Максимович, го изложил повторно ова учење со таква јаснотија и едноставност што ги исползувавме неговите зборови при составувањето на најголемиот дел од заклучокот на оваа книга. Самиот факт дека православното учење за животот по смртта е проповедано со таква разбирливост и јаснотија од страна на големите учители на православието во наше време, кое токму такво и пристигнува до нас, е од неизмерна полза во нашите усилби, денеска да го сочуваме вистинитото и неизменето православие, не единствено преку соодветно пренесување на нивните зборови, туку и давајќи им, на од нив изложените нешта, вистинито православно толкување.

Во оваа книга, како додаток на православните изворници и толкувања назначени погоре, сторивме и соодветен напор за претставување на современата неправославна *посмртна* литература, како и на некои окултистички текстови од таа област. Со ова му следувавме на примерот на епископ Игнатиј, претставувајќи го лажното учење во полнота и чесно, со цел да ја разобличиме неговата лага, така што православните христијани ќе бидат претпазени од опасноста да бидат искушани од истото. Исто така, узнаваме, како што и тој самиот открил, дека неправославните текстови, секогаш кога опишуваат вистински *искуства* (а не само мислења и толкувања), редовно се покажуваат како впечатливи докази на православните вистини. Нашата главна цел во оваа книга беше да ги изложиме, онолку подробно колку што се покажа

потребно, *спротивностите,* укажувајќи на сета полнота на разликата која постои помеѓу православното учење, и искуствата на православните светители од една страна, и искуството за кое учи окултизмот и современите истражувања од таа област од друга страна. Доколку се ограничевме само на изложувањето на православното учење без да укажеме на таквата спротивставеност, би биле уверливи пред еден мал дел од читателите, наспроти оние кои се веќе уверени, но чинејќи вака, можеби и некои од оние што биле во допир со современите искуства ќе станат свесни за големата разлика помеѓу нивното доживување и вистинското духовно искуство.

Од друга страна, самиот факт дека поголемиот дел од оваа книга разгледува *искуства*, било христијански или нехристијански, исто така значи дека материјата што е поместена овде не е само изложување на учењето на Црквата за животот по смртта, туку дека во неа се содржани и толкувањата на авторот за различните искуства. Во врска со овие толкувања, се разбира, е даден и простор за соодветни разлики во мислењата меѓу православните христијани. Се обидовме, онолку колку што беше можно, да ги претставиме тие искуства на еден провизорен начин, без да се обидуваме да ги *дефинираме* одредените нешта во искуството, онака како што е возможно да се дефинира основното учење на Црквата за животот по смртта. Особено пак, ова се однесува на окултистичките искуства во *астралниот план*, коишто едноставно ги изложивме онака, како што истите се опишани од учесниците во нив и ги споредивме со сличните појави во православната литература, без да се обидуваме да ја определиме точната природа на таквите искуства, туку едноставно ги прифативме како вистинити искуства во кои се стапува во допир со вистински демонски сили, а не како обични привиденија. Нека читателот сам за себе процени колку ваквиот пристап е соодветен.

Би требало да биде јасно дека оваа книга во никој случај не го исцрпува православното учење за животот по смртта. Таа е само увод во него. Всушност, и не постои *целовито* учење за ова нешто и во православието нема *експерти* од оваа област. За нас, кои живееме на земјата, е

тешко дури и да да се обидеме да ја разбереме стварноста на духовниот свет сè додека самите не појдеме да претстојуваме во него. Тоа е процес што започнува сега, во овој живот, но може да заврши единствено во вечноста, кога ќе го гледаме *лице в лице* она што сега го гледаме *низ стакло, во гатанка* (I Кор. 13, 12). Но, православните изворници на кои посочивме во оваа книга ни ги изложуваат, во главни црти, основите на тоа учење, и тоа е доволно да нè поттикне, не на усилби да го стекнеме точното и вкупното знаење за нештата кои се, во секој случај, пред нас, туку да почнеме да се бориме да го задобиеме небесното Царство, кое е цел и смисол на нашето христијанско живеење, и да ги избегнеме стапиците на демоните кои се затегнати на секој чекор од патот на духовната борба од непријателот на нашето спасение. Другиот свет е *пореален и поблизок* отколку што вообичаено мислиме. Еден дел од него е токму овде, пред нас, во живеењето во послушност кон духовниот отец и во молитва, кое Црквата ни го предава како пат до спасението. Оваа книга им е посветена и упатена на оние кои сакаат така да живеат.

*ЕДЕН ЧОВЕК беше богат, и се облекуваше во порфира и свила, и секој ден живееше раскошно и се веселеше. Имаше, исто така, и еден сиромав, по име Лазар, кој струплив лежеше пред вратата негова и сакаше да се нахрани со трошките што паѓаа од трпезата на богатиот и кучињата доаѓаа и ги лижеа раните негови. Умре сиромавиот, и ангелите го однесоа во крилото Авраамово, умре и богатиот и го погребаа. И во пеколот, кога беше во маки, ги подигна очите свои, и го виде оддалеку Авраама и Лазара во крилото негово, и откако извика, рече:* ***Оче Аврааме, смилувај се на мене, и испрати го Лазара да го натопи својот прст во вода и да ми го разлади јазикот, оти многу страдам во овој пламен!*** *Но Авраам рече:* ***Синко, сети се дека ти си го добил своето добро уште додека беше жив, а Лазар злото, сега, пак, тој се утешува, а ти страдаш. Освен тоа, меѓу вас и нас постои голема бездна, така што оние кои би сакале да дојдат при вас, не можат, а исто така и оние оттаму - при нас****. А тој, пак рече:* ***Тогаш, те молам, оче, прати го во татковата ми куќа, зашто имам петмина браќа, та да им посведочи за да не дојдат и тие во ова место на маките!*** *Авраам му рече:* ***Тие го имаат Мојсеја и пророците; нив нека ги слушаат!*** *А тој рече:* ***Не, оче Аврааме, ако некој од мртвите отиде при нив, тогаш ќе се покајат****. Авраам му рече:* ***Штом Мојсеја и пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат****.*

Лука 16,19-31

**ГЛАВА ПРВА**

# ПОЕДИНИ СОГЛЕДУВАЊА ВО СОВРЕМЕНИТЕ ИСКУСТВА

Навистина неочекувано, прашањето за животот по смртта предизвика широк интерес во западниот свет. Поточно, во последните две години е издаден голем број книги, напишани со цел да ги опишат доживувањата *по смртта*, а исто така и мнозина познати научници и физичари напишаа одредени книги на таа тема, или им дадоа на истите искрена поддршка. Дел од ова е и светски познатиот психолог и *експерт* за проблемите на смртта и умирањето, Елизабет Кублер-Рос, која смета дека истражувањата на тие феномени *ќе разјаснат многу и ќе го потврдат она за коешто сме размислувале две илјади години - дека постои живот по смртта.*

Сето ова, секако, е ненадејно отстапување од атмосферата која досега превладуваше во медицинските и научните кругови, кои воглавно гледаа на смртта како на табу и ја одбиваа секоја помисла за преживувањето по смртта, како нешто што ѝ припаѓа на областа на фантазијата или суеверието, или пак, во крајна линија, како на дел од лични уверувања за кои нема објективен доказ.

Надворешната причина за оваа ненадејна промена на мислењето е едноставна: тоа се новите техники за оживување на *клинички мртвите* (односно, преку стимулација на срцето, доколку престанало да работи) кои влегоа во широка употреба во последните години. Според тоа, голем број од луѓето кои биле клинички *мртви* (без пулс или срцев ритам) се вратени во живот, и многумина од нив (одеднаш, *табу-темата* за овој предмет и стравот дека ќе се бидат прогласени за *луди* се скрши) сега отворено зборуваат за тоа.

Но најинтересна за нас е *внатрешната* причина за оваа промена, како и нејзината *идеологија*. Зошто оваа појава одеднаш стана толку многу популарна, и во рамките на кој религиозен или философски поглед треба да се толкува? Тоа е веќе еден од *знаците на врмето*, показател на некаков религи-

озен интерес среде современоста. Какво е, тогаш, неговото значење? Ќе се навратиме на овие прашања по поблиското испитување на самата појава.

Но, најпрво мораме да се запрашаме, врз основа што ќе судиме за оваа појава? Оние што самите ја опишуваат, немаат веродостојно толкување за неа, и често, по таквите толкувања трагаат во окултистичките или спиритистичките текстови. Некои религиозни луѓе (исто така и научници) чувствувајќи опасност за своите веќе оформени гледишта, едноставно ги одбиваат тие искуства, во оној вид во којшто се опишани, сместувајќи ги обично во областа на *халуцинациите*. Така постапуваат и некои протестанти кои се приврзаници на мислењето дека душата е во состојба на несвесност по смртта, или дека оди веднаш да претстојува *со Христа*. Исто така, обичните неверници, ја одбиваат помислата дека душата воопшто и постои, без оглед на тоа каков доказ им се поднесува. Но, овие искуства не можат да бидат објаснети само со одрекување, туку тие мора точно да се разберат, како во својата суштина, така и поцелосно, во рамките на она што го знаеме за судбината на душата по смртта.

За несреќа, и некои православни христијани, под влијание на модерните материјалистички идеи, (навлезени преку протестантизмот и римокатолицизмот), започнаа да се држат за прилично неодредените и нејасни претстави за животот по смртта. Авторот на една од новите книги за посмртните искуства (Дејвид Р. Вилер, *Патување од другата страна,* **Аце Боокс**, Њујорк, 1977), си поставил за цел да ги испита ставовите на различните *секти* за состојбата на душата по смртта. Така, тој повикал православен свештеник од грчката Архиепископија во Америка и добил многу обопштен одговор за постоењето на небесата и пеколот, но и му било речено дека православието нема *некаква цврста претстава за тоа како би изгледал идниот живот*. Авторот можел единствено да заклучи дека *гледиштето на Православната грчка Црква за идниот век е неодредено* (стр. 130).

Наспроти ова, се разбира, православното христијанство има, почнувајќи од самиот момент на умирањето сосема јасно учење и поглед за животот по смртта. Ова учење е